Врз основа на член 37 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 106 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 2 септември 2021 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за запирање на Приговор

1. Постапката поведена по поднесениот Приговор од Силвана Мишева од Скопје УП2 бр. 09 – 117/21 од 29 април 2021 година СЕ ЗАПИРА.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Силвана Мишева од Скопје до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија поднесе Приговор УП2 бр. 09 – 117/21 од 29 април 2021 година, против Решение за согласност за приклучок на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-242 од 23 март 2021 година издадено од КЕЦ Ѓорче Петров, за побарана поделба на мерно место.

Жалителот на 23 август 2021 година достави Изјава во која изјавува дека го повлекува поднесениот Приговор.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управен суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истиот.

**УП2 бр. 09-117/21**
**2 септември 2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**